**ВРХОВЕН СУД НА**
**Република Северна Македонија**
**Су-07.бр.281/2022-1**
**27.12.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работното место Раководител на Оддел за судење во разумен рок - категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител заведен под Су-07.бр.278/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на

**О Д Л У К А**

за избор за кариерно унапредување

За работното место, Раководител на Оддел за судење во разумен рок - категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- Анета Ралев

За избраниот кандидат ќе се донесе решение за вработување.

Образложение

Врховниот суд на Република Северна Македонија, објави интерен оглас бр.1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање Раководител на Оддел за судење во разумен рок, категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител, на ден 12.12.2022 година на веб страната на судот.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници за работното место Раководител на Оддел за судење во разумен рок - категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ" бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место со звање Раководител на Оддел за судење во разумен рок - категорија Б ниво Б4, до Судскиот администратор на судот, достави Предлог на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање Раководител на Оддел за судење во разумен рок , категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител под Су-07.бр.278/22-2 од 26.12.2022 година. Со означениот предлог, за работното место Раководител на Оддел за судење во разумен рок - категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител, се предлага кандидатот Анета Ралев.

Согласно со член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид означената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање Раководител на Оддел за судење во разумен рок, категорија Б ниво Б4 – 1 (еден) извршител заведен под Су-07.бр.278/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на судот одлучи како во изреката.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Судски администратор**

**Соња Груевска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Врховниот суд на Република Северна Македонија до Советот на судска служба.

**ДН:**

- Судска управа
- Веб страна
- Кандидатот кој е избран
- Кандидати кои не се избрани од ранг листата